# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ЗА

# ЛУПД ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА Л.4. НА КП БР. 1305 КО ЛЕШОК СТОВАРИШТА, ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

*Н А Ц Р Т   И З В Е Ш Т А Ј*




Скопје, Септември 2014 година

Со цел навремено да се согледаат можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце, согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14 и 44/15), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на потврда, дадено во прилог).

Во подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина учествуваа:

Емил Стојановски, дипл. инж. по заштита на животна средина,

Љупчо Аврамовски, дипл. економист,

Игор Кукуловски, дипл. инж. по заштита на животна средина,

Кети Андонова, администратор.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерствотото за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија на Потврдата со број 07-10997/2 од 26.12.2012 година дадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Енвиро Ресурси, ДОО Скопје

Управител

Емил Стојановски

Имајќи предвид потребата од изработка на Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце како и одредбите од Законот за животна средина донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За определување на експерт за изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина**

Емил Стојановски, дипломиран инженер, се определува за овластен Експерт за изработка на стратегиска оцена на животна средина за ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Емил Стојановски, дипломиран инженер, ги исполнува условите пропишани со член 68 став (3) од Законот за животна средина на Република Македонија со тоа што има положен испит за Експерт за стратегиска оцена на животната средина како и е вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена врз животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање.

Енвиро Ресурси, ДОО Скопје

Управител

__________________

Емил Стојановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Број 07-10997/2
26.12. 2012, година

П О Т В Р Д А
за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

СТОЈАНОВСКИ Душан ЕМИЛ дипломиран инженер по заштита на животната средина од Скопје, роден на 01.03.1975 година во Скопје, Република Македонија, на ден 28.12.2010 година го положи стручниот испит за стекнуање на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина, пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање, и се стекна со статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина, со тоа се стекнува со право да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава врз основа на член 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10, 124/10; 51/11 и 123/12).

Министерство за животна средина и просторно планирање

Министер,
M-r Abdilaqim Ademi

Комисија за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

М.П

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 07-23/21

Дата: 14.01.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

# П О Т В Р Д А

Се потврдува дека АВРАМОВСКИ Методиа ЉУПЧО дипломиран економист од Скопје, роден на 01.03.1953 година, во Скопје, Република Македонија, на ден 30.12.2010 година го положи стручниот испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена на животната средина, пред Комисијата за полагање на стручен испит за стратегиска оцена на животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање и се стекна со статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина и ги исполнува условите утврдени во член 68 од Законот за животна средина за да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Оваа потврда се издава привремено за да му служи на споменатото лице, додека да се подготвува потврдата за положен стручен испит за експерт за стратегиска оцена на животната средина која се издава согласно членот 68 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10 и 124/10).

Комисија за полагање на стручен испит за
стратегиска оцена на животната средина

Претседател,
М-р Јадранка Иванова

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **6068448** |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје |
| **Кратко име:** | ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје |
| **Седиште:** | Ул. ЛОНДОНСКА Бр.19 ТЦ/Тафталиџе-с3 лок1и2 СКОПЈЕ - КАРПОШ КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДОО |
| **Акт:** | Договор :<br>пречистен текст од 31.12.2014 година |
| **Датум на основање:** | 27.01.2006 |
| **Вид на сопственост:** | Приватна сопственост |
| **Единствен даночен број:** | 4030006576746 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.3 - друштво со ограничена одговорност |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |
| **Статус:** | Активен |

## Основна главнина

| | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 419.900,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 419.900,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 419.900,00 |

## Сопственици

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 5976111 |
| **Име:** | **Друштво за трговија и услуги ГЛОБАЛ ПРОЕКТ МЕНАЏМЕНТ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ Скопје** |
| **Адреса:** | Ул. ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ Бр.22А/1-3 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик / Основач |
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 214.100,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 214.100,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 214.100,00 |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0103975450043 |
| **Име:** | **ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ** |
| **Адреса:** | Ул. БУЛ.КОЧО РАЦИН Бр.10-44 СКОПЈЕ ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Содружник / Основач |
| **Паричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 205.800,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 205.800,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 205.800,00 |

## Дејности

| | | |
|---|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 74.90 | Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | | |
| **Други дејности:** | Надворешна трговија со прехранбени производи и непрехранбени производи<br>Изведување на градежни работи во странство<br>Посредување и застапување во меѓународниот промет на стоки и услуги<br>Консигнациона продажба<br>Реекспорт | |

| Деловни и менаџмент консултантски активности во меѓународниот промет |
|---|

## Овластувања

### Управител

| | |
|---|---|
| ЕМБГ/ЕМБС: | 0103975450043 |
| Име: | **ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ** |
| Адреса: | Ул. БУЛЕВАР КОЧО РАЦИН Бр.10-44 СКОПЈЕ ЦЕНТАР |
| Овластувања: | Управител - Дипломиран инжинер по заштита на животна средина |
| Ограничувања: | * |
| Тип на овластување: | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| КОНТАКТ: | |
| E-mail: | contact@enviroresources.com.mk |

По овластување на регистраторот:
Зорица Ѓорѓеска

Потпис и печат

Број: 0809-50/150120150034393
Датум и време: 14.5.2015 г. 12:51:43

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| ЕМБС: | 6068448 |
| Назив: | Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје |
| Седиште: | ЛОНДОНСКА бр.19 ТЦ-Тафталиџе/с3 лок1и2 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| Предмет на работење: | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| Приоритетна дејност/ главна приходна шифра: | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| Други дејности во внатрешниот промет: | Нема |
| Евидентирани дејности во надворешниот промет: | Има |
| Одобренија, дозволи, лиценци, согласности: | Нема |

Изготвил:

Овластено лице:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

# Содржина:


| | | |
|---|---|---|
| | Вовед ........................................................................................ | 11 |
| 1. | Цели на Планскиот документ ................................................ | 13 |
| 1.1 | Цели на заштита на животната средина .............................. | 14 |
| 1.2 | Специфични цели на Стратегиската оцена .......................... | 16 |
| 1.3 | Употребена методологија ...................................................... | 17 |
| 1.4 | Законодавна рамка ................................................................. | 19 |
| 1.5 | Институционална рамка ......................................................... | 21 |
| 1.6 | Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина ...................................................................... | 23 |
| 1.7 | Резиме ....................................................................................... | 24 |
| 2. | Преглед на планскиот документ ............................................ | 25 |
| 2.1 | Основи на Планскиот документ ............................................. | 25 |
| 2.2 | Плански опфат ......................................................................... | 26 |
| 2.2.1 | Географска и геодетска местоположба ................................ | 26 |
| 2.2.2 | Намена на употреба на земјиштето .......................... ......... | 27 |
| 3. | Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура...... | 29 |
| 3.1 | Сообраќајно поврзување ........................................................ | 29 |
| 3.2 | Водоснабдителна мрежа ......................................................... | 29 |
| 3.3 | Фекална и атмосферска канализација .................................. | 29 |
| 3.4 | Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталации.... | 29 |
| 4. | Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина ................................................................... | 31 |
| 4.1 | Карактеристики на просторот ............................................... | 31 |
| 4.1.1 | Геолошки карактеристики ..................................................... | 31 |
| 4.1.2 | Хидрографски карактеристики ............................................. | 31 |
| 4.1.3 | Климатски и микроклиматски услови на регионот ........... | 32 |
| 4.1.4 | Демографски карактеристики ............................................... | 33 |
| 4.2 | Опис на сегашната состојба со животна средина во планскиот опфат ..................................................................... | 34 |
| 4.3 | Сегашна состојба со животната средина во и околу планскиот опфат ..................................................................... | 37 |
| 5. | Состојба без имплементација на планскиот документ ....... | 39 |
| 6. | Алтернативи и чинители за избор на алтернатива ............ | 40 |
| 7. | Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина ..................................................................................... | 41 |
| 8. | Мерки за заштита, намалување и неутрализирање | |

| | | |
|---|---|---|
| | на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ ............................... | 47 |
| 9. | План на мерки за мониторинг на животната средина ......... | 57 |
| 10. | Нетехничко резиме ..................................................................... | 59 |
| 11. | Прилози ........................................................................................ | 66 |
| | Додаток .......................................................................................... | 69 |
| | Користена литература ................................................................ | 70 |

# Вовед

Со анализа на потребите на инвеститорот и неговиот план за иден развој се констатира дека се јавува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта (магацин), општина Теарце, па затоа се пристапува кон изработка на истата.

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се предвидуваат мерки за заштита и намалување на евентуалните влијанија од спроведување на планот. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Преку реализација на планскиот опфат доаѓа до подобрување на економските услови преку отварање на нови работни места, односно ќе се создадат услови за економско ангажирање на населението, а со самото тоа воспоставување на предуслови за одржлив економски развој.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовката на документите вклучувајќи ги и промените на истите. Исто така, цел на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.

Стратегиската оцена на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- оцена;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата и
- мониторинг.

При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, органот кој го подготвува планскиот документ е должен да побара мислење од органите кои се засегнати од планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11) член 8, органот кој го подготвува планскиот документ е должен да го вклучи учеството на јавноста преку:

- ќе треба да се утврди динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегнатата јавност;
- нацрт-правилата ќе треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста ќе треба да и се овозможи да даде коментар.

Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на користење на земјиштето. Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој Извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни сегменти од овој Извештај.

# 1. Цели на Планскиот документ

При изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта (магацин), општина Теарце, е применет методолошки пристап и постапка согласно член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 55/13, 70/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. Весник на РМ бр. 78/06 и 37/14), Правилникот за стандарди и нормативи за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14), Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на објекти („Сл. Весник на РМ" бр. 69/99, 102/00, 2/02, 05/04 и 78/08).

Според оваа содржина ќе се изработи Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта(магацин), општина Теарце.

Постапката за донесување на ЛУПД ќе се спроведува согласно Законот и Правилникот.

Методолошкиот пристап има суштинско значење за целокупниот процес при изработка на Локална урбанистичка планска документација и во суштина претставува изработка по фази, почнувајќи од анализа на постојната состојба, усвоените принципи за поедини проблеми до создавање на основната концепција за планирање на површините и изработка на конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Предметниот простор досега е предмет на обработка на просторен план на Р. Македонија. Просторот досега не бил предвиден за градба на било какви градежни објекти за да би се вршела градба на поедини објекти во овој опфат. Но, интенцијата на овој план е во утврдување на парцелација согласно потребите на инвеститорот, како и решавање на намената на просторот и градбите согласно неговите потреби, односно согласно законот и правилникот.

Во опфатениот простор се врши парцелација на истиот со градежна парцела според потребите на инвеститорот на оваа планска документација и според предвидувањето на потребата за површина за градба на стовариште (магацин) и усогласување на намената на градбата со важечките прописи во моментов, а од аспект на просторното и урбанистичкото планирање.

Во планскиот опфат нема изграден објект.

Во опфатот што е предмет на разработка на оваа ЛУПД не се забележани објекти од културно и историско значење од причина што овој плански опфат е надвор од градежниот реон.

Во планскиот опфат егзистира, локален пат кој го тангира планскиот опфат, а не е асфалтиран. Преку постојната сообраќајна инфраструктура планираниот опфат се поврзува со останатиот дел од општината, градот Тетово и пошироко со регионот.

Низ планскиот опфат не поминува електрична мрежа.

Низ планскиот опфат не поминува мрежа за пренос на водоводна мрежа.

Фекална канализација во планскиот опфат и во негова близина не постои.

Атмосферските води се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

Телефонска мрежа во планскиот опфат не постои.

Врз основа на Планската програмата за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта (магацин), општина Теарце, се пристапува кон реализација на истата.

Анализирајќи ги причините и целите кои треба да се постигнат со изработка на новиот плански документ, нарачателот констатира дека треба да се изработи плански документ за наведениот локалитет.

Површината на опфатот што е предмет на изработка на Локалната планска документација изнесува 1924 $м^2$. Причина за изработка на планот е урбанизација на просторот кој до сега не бил урбанизиран, како и предвидување на оптимална површина за градба, согласно законските прописи за урбанизација на просторот.

## 1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа, Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај

2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апроксимацијата на ЕУ asquis communautaire (ЕУ законодавство) од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството Република Македонија ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14 и 44/15);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 100/12-пречистен текст, 163/13 и 10/15);
- Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РМ” бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 163/13 и 51/15);
- Закон за управување и пакување и отпад од пакување („Сл. Весник на РМ” бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12 и 163/13);
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Сл. Весник на РМ” бр. 140/10, 47/11 и 148/11);
- Закон за електрична и електронска опрема и опадна електрична и електронска опрема („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11 и 6/12);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);

  Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14).

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;

- Искористување на обновливите извори на енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;
- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во обласа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;
- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина по принципот DPSIR (движечка сила-притисок-состојба на животната средина-влијание-одговор) на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

## 1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Заштита на животната средина со имплементација на планскиот документ;
- Подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард;
- Правилно управување со просторот заради одржување на постојаното ниво на флора и фауна;
- Обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортикултурни насади од аспект на појава на бучава и вибрации;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;

- Интегрално управување со отпадот и негова селекција за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Планскиот опфат е усогласен со:

- Просторен план на РМ, 2004;
- Национална стратегија за одржлив развој, 2010-2030;
- Втор национален Еколошки Акционен План на РМ, 2006;
- Втор Национален извештај за климатски промени, 2008;
- Стратегија за управување со податоци за животната средина, 2005;
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција, 2005.

## 1.3 Употребена Методологија




Графички приказ на методологијата за изработка на Извештајот за Стратегиска оцена на животна средина

При подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

**Спроведување на постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (СЕА)**




Постапно се превзедоа следните чекори:

- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;
- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, намената и категоријата на земјиштето;
- Се оствари средба со претставник на изработувачот на планскиот документ и се реализира разговор за целите на инвестиционите активности и содржини кои ќе бидат опфатени во просторот;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;

- Дефинирани се целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на евентуалните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со урбанистичкиот проект;
- Надминување на евентуалните влијанија или нивно ублажување и за таа цел предлагање на превентивни и корективни мерки;
- Предлагање на систем на перманентен мониторинг на состојбите;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.

При изготвување на планскиот документ користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, национални стратешки документи, релевантната законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички плански документи, катастарски скици и други документи релевантни за изработка на документот.

## 1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

**Закон за Животна средина**
Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14 и 44/15).

**Стратегиска оцена на животната средина**

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);

5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

**Заштита на природата**
Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14).

**Закон за квалитет на амбиентниот воздух**
Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 163/13 и 10/15).

**Управување со отпадот**
Закон за управување со отпадот („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 163/13 и 51/15).

**Заштита од бучава**
Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13).

**Индикатори за бучава**
1. Правилник за примена на индикаторите за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикаторите за бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 107/08);
2. Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08).

**Мониторинг за бучава**
1. Правилник за локациите на мерните станици и мерните места („Сл. Весник на РМ" бр. 120/08);
2. Правилник за поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 152/08).

**Закон за вода**
Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 2313, 163/13 и 180/14).

**Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)**
**Национален план за управување со отпад (2009-2015)**

**Закон за заштита и спасување**
Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 93/12 - пречистен текст).

**Просторно планирање**
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04).

**Закон за просторно и урбанистичко планирање**

Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 24/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14).

**Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** („Сл. Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13 и 37/14).
**Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови** („Сл. Весник на РМ" бр. 78/06 и 37/14).

## 1.5 Институционална рамка

Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. Весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) ги дефинира следните надлежности на Министерството за животна средина и просторно планирање:

- следењето на состојбата на животната средина;
- заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување;
- заштитата од бучава, радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области;
- реставрацијата на загадените делови од животната средина;
- предлагањето мерки за третман на цврст отпад;
- просторното планирање;
- просторниот информативен систем;
- надзорот од негова надлежност и
- врши и други работи утврдени со закон.

Законот за организација и работа на органите на државната управа во ова насока на Министерството за животна средина и просторно планирање му дава клучна улога, во процесот на креирање на политиката за заштита на животната средина.

Одредени надлежности во управувањето со животната средина имаат и други органи на државната управа и локалната самоуправа како што се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Институтот за јавно здравје;
- Министерство за здравство;
- Хидрометеролошки Завод, и

- Единиците на локалната самоуправа.

Значајна улога во процесот на донесувањето на законите од областа на животната средина има и Собраниската комисија за транспорт врски и екологија.

Во процесот на Стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање има одредени надлежности пропишани со Законот за животната средина, како што се:

- подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.




Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи согласно Законот за животната средина имаат обврска за:

- подготовка на извештајот за СОВЖС;
- објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;

- подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Во овој процес Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава, која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

## 1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

– Поддршка на одржливиот развој;
– Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
– Да се консултираат сите засегнати страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
– Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

– Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
– Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
– Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;

- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци или недостигот на know-how) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

## 1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оцена на животната средина за ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце истиот може да се изработи и како таков е прифатлив за имплементација.

# 2. Преглед на Планскиот документ
## 2.1 Основи на Планскиот документ

Во основните стратешки цели на Република Македонија е доследно изградување на отворено стопанство, а барањето на нови форми за развој ќе придонесе да заживее економскиот циклус, да се создадат претпоставки за подобрување на просторната разместеност на стопанските капацитети, да се стимулираат директните странски инвестиции и да се подобри конкуретноста на малите и средни претпријатија.

Реализацијата на Локална Урбанистичка Планска Документација во атар на с. Лешок, општина Теарце, ќе биде во функција на поттикнување на економскиот развој, со нови инвестиции и вработувања, но под услов максимално да се почитуваат законските обврски за заштита на животната и работна средина и примена на принципите на одржливиот развој.

Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце се изработува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 55/13, 70/13, 163/13 и 42/14). Оваа планска документација се изработува согласно Планската програма одобрена од градоначалникот на општина Теарце, согласно член 15-а од Законот. Планот е изработен од страна на правно лице кое е лиценцирано согласно член 18 од законот. Планот е изработен согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. Весник на РМ" бр. 78/06 и 37/14).

Планскиот период за кој се изработува ова Локална урбанистичка планска документација не е утврдено со закон.

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце. Локацијата има површина од 0,19 ха, се наоѓа на земјоделско земјиште (нива) 4 класа и припаѓа на II заштитна зона на изворот Рашче утврдена со „Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче".

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче.

Изворот Рашче е главен изворник за водоснабдување на градот Скопје и приградските населби. Врз основа на досегашните истражувања за хранењето на изворот Рашче определени се три заштитни зони:

- Прва зона која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда (Сл. лист 16/88);
- Втора зона го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- Трета зона - го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

Со зонирањето утврдени се посебни режими на заштита за секоја зона, усогласено со хидрогеолошките, хидролошките и урбаноеколошките услови, а се однесуваат на: заштита на физичките, хемиските и бактериолошките својства на водата; заштита на природните вредности на земјиштето, водите, вегетацијата и воздухот; заштита на водните количества и нивниот природен режим на истекување.

Локацијата на која се предвидува изградбата на објектот со основна намена Г4-стоваришта, се наоѓа во границата на Втората заштитна зона на изворот Рашче, во која важи посебен режим на заштита на изворот и на подземните води. Во Втората заштитна зона на изворот Рашче се забранува:

- Користење на земјиштето иа начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството на водите и режимот на површинските и подземните води;
- Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи;
- Испуштање на непречистени отпадни води во водотеците и подземјето. Испуштањето на отпадните води во површинските водотеци се дозволува после нивниото пречистување според критериумите за водотеци од II категорија;
- Експлоатацијата на песок, камен и чакал од коритата на бреговите на природните водотеци, како и користењето на земјиштето на начин и во обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количествата на водите и режимот на површинските и подземните води.

Генералниот концепт кој е користен при решавање на оваа ЛУПД за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце, се состои во урбанизирање на просторот кој до сега не бил урбанизиран и предвидување на оптимална површина за градба согласно важечката законска регулатива.

## 2.2 Плански опфат

### 2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Просторот со својата местоположба е во атар на село Лешок во место викано Црница, општина Теарце кој се наоѓа во западниот дел на Р. Македонија и тоа северно од градот Тетово кон Регионалниот пат Р1203.

Преку постојната сообраќајна инфраструктура планираниот опфат се поврзува со останатиот дел од општината, градот Тетово и пошироко со регионот.

Планскиот опфат се наоѓа на просечна надморска висина од 460 м.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 1924 м².




Синтезен план

### 2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Локална урбанистичка планска документација, за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта, Општина Теарце, планскиот опфат се предвидуваат објекти за:

I - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г4 - стоваришта.

Предвидена е површина за градба на објект е со намена стоваришта.

Површините за градба се предвидени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Компатибилни намени се Б1, Б2, Б4, Г3, Д2, Д3 и Д4, до 49% од основната класа на намени.

Одредување број на паркинг е дефинирано со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14), а ќе се утврди при изработка на Основниот проект што ќе биде дел од постапката за добивање на одобрение за градба.

II - ЗЕЛЕНИЛО

Д2 - заштитно зеленило.

Компатибилни намени не се предвидени, согласно Правилникот за стандарди и нормативе за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12 и 126/12 и 126/12).

Предвидена е површина со намена заштитно зеленило како заштитен појас од локалниот пат и од постојниот далновод. Површините за градба се предвидени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Не е потребно одредување број на паркинг места што е дефинирано со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Е1 - Комунална инфраструктура.

# 3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура.

## 3.1 Сообраќајно поврзување

Во планскиот опфат егзистира пат, а сообраќајот во рамките на градежната парцела ќе се реши при изработка на Основниот проект што ќе биде дел од постапката за добивање на одобрение за градба.

Просторот со својата местоположба е во атар на село Лешок во место викано Црница, општина Теарце кој се наоѓа во западниот дел на Р. Македонија и тоа северно од градот Тетово кон Регионалниот пат Р1203.

Во планскиот опфат егзистираат патишта од кои едниот е регионалниот пат Р1203 Тетово (врска со А2) - Вратница - гр. со Р. Косово (ГП Јажинце) кој е асфалтиран и локален пат кој го тангира планскиот опфат, а не е асфалтиран. Преку постојната сообраќајна инфраструктура планираниот опфат се поврзува со останатиот дел од општината, градот Тетово и пошироко со регионот.

Едниот патен правец е со просечен попречен профил од 7.0 - 7.35 м, а другиот патен правец е со попречен профил од 6.0 м.

Категоризацијата, радиусите и профилите на улиците се според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

## 3.2 Водоснабдителна мрежа

Во планскиот опфат водоснабдувањето ќе се одвива преку бунар.

## 3.3 Фекална и атмосферска канализација

Фекалните води ќе се одведуваат во септичка јама.

Атмосферските води се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

## 3.4 Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталации

Едновремената електрична снага на објектот не влијае врз вкупниот енергетски биланс од усвоениот Просторен план. Нисконапонскиот развод како и осветлувањето на улиците ќе се изведе спрема посебните проекти изработени од соодветни стручни лица. Анализата за потребна едновремена електрична снага за новопредвидените содржини во локалитетот ќе се определи во понатамошната постапка на изготвување на техничка документација, односно изработка на Основни проекти за поедини потрошувачи во локалитетот.

За индустрија:

- за просечно електрифициран објект, инсталирана енергија од 1кВ/50 $м^2$,
- коефициент на едновременост на објект 0,51
- површина 2622 $м^2$.

Вкупна едновремена снага е Pe = 27 kW

За улично осветление - околу 25 kW.

Од добиените пресметки произлегува дека овој опфат може да се напојува од постоечките трансформаторски станици.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележени, до приклучни ормани кои се поставени на фасадите на објектите.

Уличното осветление се изведува со нови канделабри и метални стокбови поврзани со трафостаницата со подземен кабел.

Во планскиот опфат се предвидува трафостаница.

Низ планскиот опфат поминува телефонска мрежа.

# 4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

## 4.1 Карактеристики на просторот

Општина Теарце се наоѓа на северозападниот дел на Република Македонија, додека опфаќа површина од 138 км$^2$. Според површината се вбројува во малите општини на републиката. На северозапад општината се граничи со Косово, на југоисток со општина Тетово, додека на исток се граничи со општина Јегуновце. Во составот на општина Теарце се наоѓаат населените места: Непроштено, Лешок, Слатина, Теарце, Пршевце, Глоѓи, Доброште, Нераште, Одри, Варвара, Брезна, Јелошник и Првце. Општината се наоѓа на 11 километри северно од Тетово, 50 км на запад од Скопје, додека 80 км од аеродромот Александар Велики во Скопје.



### 4.1.1 Геолошки карактеристики

Почвите кои се застапени во поширокиот регион се алувијални и делувијални. Делувијалните почви под падините на Шар Планина се разликуваат од оние под Сува Гора и Жеден по однос на составот на материјалот и гранулометрискиот состав, поради што доаѓа до битни физички и хемиски разлики во својствата.

### 4.1.2 Хидрографски карактеристики

Водата како незаменлив ресурс е добро од општ интерес од кој зависи сé вкупниот развој на општеството. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што водата треба рационално да се користи и троши. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на природното богатство на земјата, а со тоа и подобрување на квалитетот на живеење. Одржливиот развој подразбира чување на природното богатство, негово користење во мерка која дозволува негова

репродукција и спречува конфликт меѓу сегашните и идните генерации. Во контекст на сé вкупниот развој во општеството потребно е усогласување на развојните стратегии и избегнување на конфликти во сите области на живеење.

Една од целите во развојот на водостопанството во Републиката е целосно користење на хидропотенцијалот на водотеците во склоп на повеќенаменски системи. Од вкупниот искористив хидроенергетски потенцијал во Републиката досега се искористени 30,5%.

### 4.1.3 Климатски и микроклиматски услови на регионот

И покрај сегашниот висок систем на човековите достигнувања на полето на науката и техниката, климата е значаен фактор во повеќето стопански гранки, особено во земјоделството, водостопанството, туризмот и др. Се прават обиди за вештачко влијание врз климата на одделни подрачја. Некои резултати веќе се постигнати во менувањето на одделни климатски карактеристики, како што се стимулирањето на врнежите, спречувањето на градоносните процеси и сл. Но, сепак климата со сите свои природни обележја и понатаму ја условува стопанската и животната активност на човекот.

Дистрибуцијата на загадувачките материи покрај другото зависи и од метеоролошките прилики како што и тие влијаат на промената на климата.

Емисијата и нивото на загадувачките материи се во функција на:

- температурата на воздухот;
- воздушните струења;
- облачноста;
- атмосферските талози (врнежите);
- влажноста на воздухот.

Климата на регионот на општина Теарце е умерено континентална, со релативно изедначена влажност преку цела година, која изнесува 74%. Маглите не се честа појава. Ветровите се преку цела година, а најчесто во пролет со брзина од 0,6 м/сек, а честотата е најголема од север со 220ф и северозапад 76ф и североисток 90ф. Просечната годишна температура изнесува 10,80°C, просечен годишен минимум е 4,90°C, а просечен годишен максимум 16.7°C. Треба да се напомене дека со покачување на надморската височина за секој 100 метри, се намалува температурата на воздухот за 0,60°C.

Просечниот мразен период трае 167 дена, а денови со снег има 43. Овој број на денови е многу поголем соглед на надморската височина. Просечно годишно паѓаат 724,3 мм врнежи, 87 ведри денови, 154 облачни денови и 124 тмурни денови.



Ружа на ветрови

**4.1.4 Демографски карактеристики**

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, вкупното население во општината Теарце, изнесува 22454 жители.

**4.1.5 Сеизмолошки карактеристики**

Територијата каде се наоѓа предметната локација припаѓа на подрачјата подложени на можни земјотреси со јачина од 8°, според МКС. Овие услови налагаат потреба од строго почитување на условите за асеизмичка градба на објектите и инфраструктурата.

**4.1.6 Културно наследство**

Според Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14), за плановите од повисоко ниво: Просторниот план на РМ, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижно културно наследство, во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење. На подрачјето кое е предмет на овој УП нема регистрирани недвижни споменици на културата.

Во Археолопшката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје околу конкретниот плански опфат, евидентирани се:

КО Теарце - Бигор Слатински, населба од доцноантичо време, се наоѓа на околу 500 м западно од селото; Градиште, утврдена населба од доцноантичо време, се наоѓа на северниот раб на селото; Железничка станица, населба од римско време, се наоѓа на околу 12 км јужно од селото, при изградба на железничката пруга Тетово-Скопје; Марена, населба од

римско време и средновековна црква, се наоѓа на околу 500 м јужно од селото; Црквиште, среновековна црква со некропола, се наоѓа во непосредна близина на железничката станица.

За случајни откритија постојат Обврски на наоѓачот, според член 65, од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14).

## 4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејствувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

### *Квалитет на воздухот*

Согласно Директивите на Европската Унија, загадувањето е непосредно или посредно внесување, како резултат на човековите дејствија, на материи, вибрации, топлина или бучава во воздухот, водата или во почвата, кои што можат да бидат штетни по човековото здравје или по квалитетот на животната средина, од кои што може да произлезе штета по материјалниот имот или кои што ги нарушуваат или влијаат врз природните убавини и другите легитимни начини на користење на животната средина.

Квалитетот на воздухот е еден од поважните чинители на кои треба да се внимава при планирање на просторот заради спречување на деградација на истиот со имплементација на планскиот документ.

На ниво на општина Теарце состојбата со квалитет на воздухот е задоволителна. Во неа не постојат индустриски капацитети од поголеми размери кои што во значителен обем би влијаеле на квалитетот на амбиентниот воздух. На територијата на општината во рамките на националната мрежа нема поставено мониторинг станица за следење на квалитетот на амбиентниот воздух.

Најголеми загадувачи на воздухот се домаќинствата кои користат фосилни горива за загревање во зимскиот период (дрва, јаглен и нафта). Како загадувачи се јавуваат и превозните средства (автомобили, автобуси и.т.н.) кои важат за мобилни извори на загадување, како фактор треба да се напомене и староста на возилата која во просек изнесува околу петнаесетина и повеќе години.

### *Квалитет на водите*

Колку водите во одреден простор може да се сметаат за воден ресурс зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како ресурс ја има многу помалку од присутните води што треба да се има секогаш во предвид при планирањето за нејзино искористување.

За подмирување на потребите на вода најзначајни се површинските води, бидејќи тие се најраспространети, најблиски се до местата на човековата активност, обезбедуваат живот и развој на екосистемот.

Издашноста на подземните води зависи од климатските, морфолошките и хидрогеолошките карактеристики на просторот. Овие води поради посебниот квалитет се значајни и може да бидат корисни за покривање на потребите од вода.

Република Македонија зафаќа дел од сливовите на р. Вардар, р. Црн Дрим и р. Струмица. На целата нејзина територија 84% од водите се домицилни, а само 16% се надворешни води кои доаѓаат во Републиката. За подобро согледување на расположливите и потребни количини на вода територијата на Републиката е поделена на 15 водостопански подрачја во основните сливови на реките: Вардар, Црн Дрим и Струмица.

Планската определба за заштита на водите е да се зачува високиот квалитет на извориштата на вода, да се подобри квалитетот на површинските и подземните води и да се доведат во законски пропишаниот квалитет. Приоритет во заштитата имаат водите од 1 и 2 класа од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населениете места. Заштитата на квалитетот не може да се оствари парцијално, таа е сплет на технолошки, водостопански и економско-организациони мерки и континуирана работа.

Загадувањето на водите во животната средина се должи на испуштање на ефлуенти од домаќинствата, индустријата, рударството, земјоделието, неуредените депонии и сообраќајниците. Количествата на комунални отпадни води се најголеми во градовите.

Во општината не постои третман на отпадните води, па тоа претставува еден од најголемите проблеми во општината. Исто така, не постои организирано одведување на отпадните води, што укажува на потребата од преземање на итни мерки за решавање на овој проблем. Во општина не постои пречистителна станица за отпадните води. Дел од отпадните води од домаќинствата во населените места директно се испуштаат во реките, а дел се одведуваат во индивидуални септички јами кои во поголем број се површински.

Атмосферските води се испуштаат слободно по површината на теренот.

## *Отпад*

Комуналниот отпад го вклучува отпадот собран од домаќинствата, заедно со отпадот од улиците и слободните површини, отпадот од комерцијалниот-институционален сектор и отпадот од индустријата кој е со карактеристики како со отпадот на домаќинствата.

## *Растителен и животински свет*

Високиот планински масив на Шар Планина се протега во крајниот северозападен дел од Република Македонија, по должината на границата со Република Србија. Планината лежи меѓу двете ниско спуштени котлини - Полошката на југоисток и Призренско-метохиската на северозапад. На Шар Планина се среќаваат цела низа на многу интересни релјефни облици, меѓу кои најизразени се глацијалните, флувијалните, карстните, денудационите и нивационите геоморфолошки појави. Така, дејствувањето на глацијалниот процес оставил соодветни траги, изразени во вид на разновидни фосилни глацијални облици. Тоа се појавите на циркови, кои лежат под највисоките возвишенија, главно со над 2.000 метри надморска висина, ледничките долини, глацијалните рамења, стриите и мутонираните стени. Како карактеристични облици на глацијалната ерозија се и бедемите, кои се создадени од нанос на моренски материјал. Иако не толку изразени, на Шар Планина се среќаваат и карстни појави, застапени во вид на шкрапи и вртачи, а во зоната на периглацијалните области постојат разновидни фосилни и рецентни нивациони појави. Овие микро облици на релјефот, претставени се во облик на камени струи и морења од камења. На многу места на Шар Планина можат да се сретнат и особено интересни мали денудациони форми. Оваа висока и пространа планина, особено е богата и со разновидни хидрографски појави: извори, потоци, реки и глацијални езера. Од реките, наголема е Пена (36, 8 км), потоа Маздрача, Теарачка Бистрица и други, а од 27-те глацијални езера најголемо е Боговинското Езеро (66880 м$^2$). Заради исклучителното богатство со растителен и животински свет, Шар Планина се вбројува во еден од најголемите и најзначајните европски центри биолошко разнообразие. Се претпоставува дека целокупната флора на масивот, почнувајќи од топлите клисури и термофилните шуми во подножјето, преку планинските региони, па се до највисоките алпски делови, брои повеќе од 1500 таксони. Тука, посебно треба да се истакнат реликтните и ендемичните видови, кои претставуваат вистински реткости на македонската и балканската флора. Најголемата флористичка вредност на Шар Планина ја сочинуваат ендемичните видови, кои на овој простор ги има околу 150. Многу од нив се со балканско распространување (Lilium albanicum, Pinus peuce, Ranunculus montenegrinus, Thlaspi bellidifolium, Silene sendtneri, Geum coccineum, Trifolium noricum, Anthyllis scardica, Acer heldreichii, Saxifraga coryophylla, Centranthus junceus, Sideritis scardica). Од посебна важност се бројните локални ендемити (Crocus scardicus, Narthecium scardicum, Draba korabensis, Draba doerfleri, Allysum scardicum, Oxithropis korabensis, Viola schariensis, Verbascum scardicolum,

Melampyrum scardicum, *Hieracium kobilicianum*). Посебно место заземаат реликтните видови. Од нив, со поголема застапеност се терциерните реликти (Picea exselsa, Pinus mugo, Taxus baccata, Ruscus hypoglossum, Silene schmuckeri, Rhododendron ferrugineum, Arctostaphyllos uve ursi, Rhamnus pumila, Primula longiflora, Gentiana lutea, Sambucus racemose, Artemisia petrosa), и глацијалните реликти (Elyna myosuroides, Carex curvula, Listera cordata, Trolius europaeus, Primula minima, Loiseleuria procumbens, Empetrum nigrum, Linaria alpina, Campanula alpina, Aster alpinus). Шар Планина е позната и по фаунистичката разновидност. Меѓу многубројните видови птици, од посебно значење се тие што се наоѓаат на списокот на природни реткости на Р. Македонија: Aguila chrysaetos, Gyps fulvus, Falco peregrinus, Falco subbu-eto, Buteo buteo. Од претставниците на класата цицачи, на овој масив доминираат главно оромедитерански и бореални фаунистички елементи. Во посебно атрактивни видови спаѓаат: Ursus arctos, Lynx lynx, wild bear Felis sylvestris, Lutra lutra, Mustela erminea, Microtus nivalis, Sus scofa, Rupicapra rupicapra, Capreolus capreolus, Canis lupus, Vulpes vulpes, Martes foina, Martes martes, Meles meles.

Во сливното подрачје на реката Пена, во регијата на смрчата, значаен е хабитатот за повеќе видови терестични полжави, помеѓу кои и ендемичните Helicigona trizona ljubetensis и Gyralina mirabilis и ендемичниот гол полжав Deroceras turrcicum како и заштитениот, според Бернската конвенција: Анекс 2, лозов полжав Helix pomatia.

### *Бучава*

На ниво на Република Македонија мерењето на нивото на бучава се мери од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и Републичкиот Завод за здравствена заштита со својата мрежа на регионални заводи.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

Бучавата не претставува сериозен проблем во Општината.

## 4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со животната средина во општина Теарце и предметниот опфат, беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

| Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Води | Воздух | Отпад | Климатски фактори | Население | Материјални добра |

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стакленички гасови (климатски промени).

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

| **Елементи на Стратегиската оцена на животна средина** | **Проблем** | **Релевантно опфтен проблем** |
|---|---|---|
| Воздух | Нарушен квалитет на воздухот од постоење на интензивна емисија од употреба на дрва како агенс за затоплување, зголемен сообраќај | x |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | x |
| Вода | Санитарните отпадни води се насочуваат директно во септички јами | x |
| | Користење на бунарска вода која што не е технички испитана | x |
| Отпад | Неконтролирано исфрлање на комунален отпад | x |
| | Насипување на речните корита и други јавни површини со габаритен некомунален отпад | x |
| Почва | Површини на земјоделско земјиште ангажирани за стопански цели | x |
| Предел | Деградирани предели | x |
| | Појава на дива сеча на шумите | |
| Население | Појава на миграција | x |
| | Невработеност | x |
| Климатски фактори | Користење на огревно дрво за затоплување | x |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | x |

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

# 5. Состојба без имплементација на планскиот документ

При реализација на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце се разгледува опцијата без да се спроведе (bussiness as usual) планска активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце не се спроведе, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некомпатибилни дејности;
- Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;
- Ограничен инфраструктурен развој на општината;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина;
- Интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и постоење на диви депонии;
- Интензивно загадување на подземните води и почвата;
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Отсуство на финансиски инвестирања што би се довело до слаб економски развој на стопанството;
- Пораст на миграција;
- Намален животен стандард;
- Нереализацијата на планскиот опфат ќе се испушти можноста од идни потенцијални инвестиции за економски-одржлив развој.

# 6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат, општината и државата.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира варијантата опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени, и економската пасивност ќе продолжи.

Овие аспекти се земаат со цел да се изнајде најповолното решение кое ќе придонесе за заштитата на животната средина и здравјето на човекот.

Во случај на нереализирање на планскиот опфат се очекува да:

- Социјално-економскиот статус на населението ќе иницира поголема стагнација;
- Продолжување на трендот миграција;
- Невработеноста нема да се намали;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други непლански и некомпатибилни содржини;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина;
- Искористување на слободни површини со нелегални градби.

Со реализирање на планскиот опфат се очекуваат неколку позитивни аспекти:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;
- Одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност;
- Зајакнување на можностите за одржлив економски и социјален развој на регионот;
- Запирање на економската миграција;
- Развој на локалната самоуправа преку плаќање на даноци, комуналии и други давачки;
- Зголемување на вредноста на земјиштето;
- Со предвидената содржина ќе овозможи остварување на функции со директни или индиректни економски ефекти.

Со примена на претходните критериуми се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија, истовремено имајќи го за цел анимирањето на интересот на странски инвеститори за реализација на предложените програми за инвестирање како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

# 7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Појавите кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце може да се анализираат од негативен и позитивен аспект. Извештајот за Стратегиска оцена ги зема во предвид влијанијата врз сите медиуми на животната средина, биолошката разновидност, природата, пределот, културното наследство, луѓето како и влијанијата врз социо-економските можности во општина Теарце.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните негативни влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

## Влијание врз демографскиот фактор

Реализацијата на планот ќе претставува позитивен стимул за демографскиот развој. Ќе има позитивни влијанија на долгорочна основа и на зголемување на наталитетот, како уште еден позитивен елемент на демографскиот развој. Ова од причина што инвестиционите вложувања за реализација на оваа планска содржина ќе значи отворање на нови работни места и зголемување на животниот стандард и квалитетот на живеење.

## Влијание врз човековото здравје

Заради намената на објектот предвиден за изградба надвор од зоната на домување не се очекува изградбата да предизвика влијанија врз здравјето на локалното население. Со имплементацијата на планот може да се предизвикааат евентуално одредени негативни влијанија врз здравјето на луѓето од аспект на:

- Неправилно управување со животната средина;
- Неправилно постапување со отпадот од расчистувањето на теренот во подготвителните активности и генерирање на отпад во текот на работењето на објектите.

Поради транспортот на градежен материјал, работната сила, како и бучавата предизвикана од зголемениот сообраќај која може да се покачи, но само во периодот на градежната фаза. Емисијата на прашина и издувни гасови од моторните возила и тешката механизација ќе се покачат поради изведување на градежни активности.

Обезбедувањето на парковско и заштитно зеленило и останато хортикултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето што е опфатено и со планската содржина во планскиот опфат каде ќе се имплементира планот.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од различни аспекти на медиумите на животната средина што е и законска обврска.

## Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на планот ќе има позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.

## Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Со планот не се очекуваат особени влијанија врз амбиентниот воздух.

Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба-изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Во време на градежната фаза треба да се очекуваат, пред се:

- Повремено загадување на воздухот од местата на изведба на градежните активности, од градежните материјали кои ќе се користат и од видот на транспортот на градежните материјали;
- Целата градежна механизација за време на подготовката на теренот ќе има негативно влијание врз квалитетот на воздухот;
- Главен загадувач на воздухот за време на градежните активности ќе биде прашината предизвикана од копање, набивање на тлото, односно земјените работи.

Евентуалните влијанија од овој вид ќе бидат детално анализирани при изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од сите аспекти на животната средина, што е и законска обврска, која треба да се реализира во фазата на добивање на одобрението за градба.

## Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

Влијанието на фугитивните емисии во воздухот од издувните гасови од возилата ќе се ублажи со планираното заштитно зеленило. Предвиденото планско решение за сообраќајната инфраструктура со обезбедување на заштитно зеленило и богато хортикултурно уредување во и околу самиот опфат ќе претставува основа да се очекува дека тоа нема да придонесе кон значајни нарушувања на квалитетот на воздухот во поширокото подрачје или да доведе до климатски промени.

Постои опција од искористување на обновливи извори на енергија, соларната енергија како енергетски ресурс.

## Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа треба да се очекува зголемена бучава. Како извори на бучава ќе се јави градежната механизација.

На локалитетот во оваа фаза не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

## Влијание од вибрации

При изведба на градежните активности може да се очекуваат вибрации, но тоа ќе бидат со со ограничен интензитет и времетраење.

## Влијание врз квалитетот на водите

Со имплементацијата на планот не се очекуваат негативни влијанија врз квалитетот на водите во рамките на планскиот опфат. За прифаќање на атмосферските води да се предвиди изведба на сливни решетки и сливен систем.

За предметниот локалитет одредени потребни количини на вода ќе се обезбедат од бунар-бушотина во сопствена парцела.

Ако неправилно се управува со отпадните води може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште. Отпадните води од комплексот ќе се носат во септичка јама.

Водата од асфалтната површина која ќе се создава на просторот кој ќе биде наменет за паркинг простор ќе има појава на истекување од масти и масла од автомобилите, при што може да предизвика загадување на површинските и подземни води.

Поцелосна анализа од сите аспекти на влијанијата од врз квалитетот на површинските и подземните води ќе бидат предмет на посебни Студии или Елаборати согласно Законот.

## Влијание врз почвата

Со имплементација на овој план ќе се оствари рационално користење на земјиштето, односно целокупната површина ќе се осмисли со наменска содржина која ќе резултира со веќе спомenатите бенефити. Негативните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветно управување со отпадните води, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Значајни влијанија врз почвата не се очекуваат, бидејќи во Планот за изградба се предвидени мерки и решенија за комуналната инфраструктурна мрежа, управување со отпадните води и отпадот кој ќе се генерира во комплексот. Индиректно негативно влијание на почвата како резултат на издувните гасови од возилата и емисиите од планираниот капацитет во планскиот опфат се проценуваат како не многу значајни со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвидениот објект.

За да не дојде до нарушување на квалитетот на почвата потребно е да се спроведе план за управување со отпад во кој ќе се предвидат мерки за управување со отпадот.

Поцелосна анализа од сите аспекти на евентуалните влијанија врз почвата ќе бидат предмет на посебни студии или елаборати согласно Законот.

## Влијание врз пределот

Имплементацијата на планот ќе има позитивно влијание на пределот, пред се, од причина што делува како една осмислена урбана целина во која покрај објектите треба да се предвидат и зелени површини со хортикултурно уредување и други за таа цел и функција плански содржини.

## Влијание врз културното наследство

Културното наследство на регионот е симбиоза на непроценливи материјални и духовни вредности во една урбанистичко-архитектонска целина сочинувајќи нераскинливо единство на традиционални и уметнички вредности и книжевни, документациони фондови, почнувајќи од праисторијата до денес.

На самиот плански опфат не се евидентирани археолошки или културни споменици и според тоа не се очекуваат негативни влијанија врз културното наследство.

Според Законот, доколку се појави некое археолошко наоѓалиште ќе се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

## Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Со ЛУПД не може да се предизвикаат одредени влијанија врз флората и фауната бидејќи досега не се идентификувало постоење на посебни примероци.

## Влијание врз материјалните добра

Имплементацијата на планот ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето.

## Влијание по однос на генерирање на отпад

При реализација на ЛУПД, за очекување е генерерирање на градежен и земјен отпад. Со планскиот документ предвидено е отпадот при градбата соодветно да се собира и превзема, а дел од него да се искористи во тампонирање на пристапните делови и покривање на ископите.

Примарната селекција на отпадот треба да се предвиди како континуирана активност по пуштањето во функција на објектот.

Се препорачува сите овие активности да бидат опфатени со изработката на Студиите или Елаборатите согласно Законот.

## Влијание од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

За успешно функционирање на заштитата од несреќи и хаварии предвидени се мерки за заштита од пожари, односно сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот да овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектите.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Деталната анализа на овие влијанија ќе биде со студиите или елаборатите согласно Законот и се обврска да се изготват во подоцнежните фази на реализација на објектот.

# 8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Со Законот на животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14 и 44/15) како и останатите закони и подзаконски акти се уредени правата и должностите на Република Македонија и на општина Теарце, како и правата и должностите на правните и физичките лица, во обезбедувањето услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава и животна средина.

Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план, Националниот Еколошки Акционен План, секторските студии, за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонија;
- Озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел;
- При превземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на зашита на животната средина и на животот и здрављето на луѓето кои престојуваат тука;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба пред оштетувањето
- Доследна имплементација на планот.

Бидејќи водоснабдувањето со вода ќе се врши од подземен бунар, пред изведбата на бунарот потребно е да се направат хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на бунарот. Исто така, да се направат и испитувања со кои ќе се утврди и квалитетот на водата, односно дали физичко-хемиските и бактериолошки карактеристики на водата ќе одговараат за соодветната намена.

Во зоната на бунарот (бунарите) се забранува сервисирање на моторни возила, пасење на стока, закопување на умрени животни, складирање на отпад, испуштање на материи кои по својот состав се опасни и штетни, употреба на агрохемиски средства, изградба на септички јами, копање на

канали, изведување на земјени работи и сл. При лоцирањето на бунарите да се почитува Законот за води за одредување на заштитните зони на бунарите.

Динамиката на користењето на подземните води мора да биде усогласена за долгорочна експлоатација. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Во поглед на создавање на отпад, бучава, загадување на воздухот, загадување на почвата од работата на трафостаницата, подетална анализа од негативните влијанија врз човековото здравје и животната средина ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај сообраќајниците и објектите за да го спречат негативното влијание на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор***

Интегралната реализација на предложените мерки во сите фази на инвестициониот циклус е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност. Затоа се предлага (интегрирано управување), организирано собирање и транспортирање до местото наменето за отпад. Доследното спроведување на планските решенија и примената на сите мерки ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на човекот.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје***

Реализацијата на планскиот опфат нема да предизвика негативни влијанија врз човековото здравје. Во делот на општи мерки се препорачува воспоставување на систем на собирање и регуларно отстранување на отпадот, појаси со заштитно зеленило и хортикултурно уредување и во текот на градежните постапки, истите да се планираат соодветно за да се редуцира времето на користење на опремата која создава зголемена бучава. Примената на сите предложени мерки дадени во сите фази на планирање и изведба на проектот ќе овозможи елиминирање на евентуалните влијанија врз животната средина и здравјето на човекот.

- Спроведување на добра организација на работењето и спроведување на заштитни мерки;

- Ограничување на брзината на возилата;
- При употреба на опрема и механизација да се користат машини кои работат во граници на дозволената бучава.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз социо-економската состојба***

Реализацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на социо-економската состојба на населението, ќе го подобри квалитетот на живеењето и ќе го зголеми стандардот на населението.

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух***

При проектирање и реализација на планот потребно е да се применат современи технологии кои го заштитуваат воздухот од загадување. Објектот од аспект на еколошка заштита не смееат да ја нарушат постојната еколошка рамнотежа и истите е потребно да бидат изведени согласно сите стандарди и нормативи од ваков вид.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето на објектот, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце се предлагаат следните мерки:

- Користење на обновливи извори на енергија како енергетски ресурси кои што се во директна насока на подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Користење на современи транспортни средства и механизација при вршење на градежните работи, согласно стандардите на ЕУ;
- Избегнување на користењето на дрвата и фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на мали котли за загревање со најсовремени горилници и употреба на гориво со мала содржина на сулфур или користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии;
- Подигање на зелени зони на ниско и високо зеленило околу граничната линија на планскиот опфат;
- При планирањето и изградбата на објектот и инфраструктурата приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- За подобрување на квалитетот на воздухот во опфатот, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини;
- Во опфатот да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на евентуалното аерозагадувањето.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот на воздухот, покрај одредбите од овој закон треба да се применуваат и одредбите на Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 163/13 и 10/15).

- ***Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени***

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Со оглед на микролокацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот на микро план и поширокиот регион или климатски промени. Затоа не се препорачуваат мерки.

***- Мерки за заштита од бучава***

При планирањето на објектот потребно е да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените параметри.

Прашањето за намалување на проблемите со бучава треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси, подигнување на дрворед и формирање на хортиклултурни насади. На просторот сите содржини кои се планираат мораат да бидат во согласност со пропишаните мерки согласно Законот за спречување на бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13). Во опфатот да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на бучавата.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат.

***- Мерки за намлување на влијанијата од вибрации***

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што нема да се воведат некои посебни мерки.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата***

За намалување на влијанијата врз почвата се предлагаат следните елементи:

- При започнувањето на секој градежен зафат на планскиот опфат инвеститорот да го организира собирањето на градежниот отпад, негово депонирање или искористување во инвестиционите активности;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција;
- Поставување контејнери спрема видот на отпадот на соодветни бетонски површини;
- Потенцијално замастените води во кругот на работните зони, кои што имаат манипулативни површини, сообраќајници и паркинзи, преку преливни решетки, со посебен дренажен систем да се спроведат до таложник на сепаратор на масло и масти и после нивен третман да се спроведат во реципиентот;
- Редовно сервисирње на септичката јама од страна на овластен правен субјект;
- Милта од таложниците, преку предвиден и одреден временски интервал да се изнесе, и да се постапи согласно Глава V од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 09/11);
- Селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонија;
- Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади за да не се очекува значајно загадување на почвата.

За чиста и незагадена почва треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето во комплексот.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фауната***

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната се примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, отпадните води, отпадот, бучавата, почвата, воздухот и сл. На просторот за изработка на планот нема евидентирано природно наследство. Доколку при изработката на планот или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се превземат следните мерки на заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на објектите прогласени и предложени како природно наследство;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита да се дозволат само научно-истражувачки активности;
- На местата со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно-здравствени цели со специјална дозвола од надлежен орган;
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши само со специјална дозвола од надлежен орган;

- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејсаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и превземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветните институции во окружувањето.

Што се однесува до изработката ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце евентуалните влијанија ќе се намалат со формирање на заштитни зелени зони со висока вегетација и хортикултурното уредување на просторот.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот***

Предвидените активности во планската документација да бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Со изработка на овој ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација. Затоа не се предвидени никакви мерки.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра***

Имплементацијата на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство***

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

Во просторот за кој се работи овој план не е евидентирано културно наследство. Во текот на реализација на предвидените површини за градба од овој опфат, при нивното темелење доколку се наиде на археолошки остатоци заради превземање на заштитни мерки, потребно е да се информираат службите надлежни за заштита на културно-историското наследство кои ќе пропишат посебни услови и режим за нивна заштита.

***- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад***

Согласно член 7 од Законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во случај на истекување на масло од механизацијата на околното земјиште, загадената почва да биде отстранета и соодветно дислоцирана, согласно законските прописи од областа на управувањето со отпадот.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци, определување на пунктови за собирање на отпадот, поплочени места за депонирање на отпадоците во контејнери.

- Во оперативната фаза на планиранииите објекти, градежниот отпад да се собира, селектира и истиот кој ќе нема употребна вредност да се превзема од страна на комуналното претпријатие или овластено правно лице;
- Комуналниот отпад да се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие да врши евакуација;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

Во поглед на создавање на отпад од работата на трансформаторската станица, нема да има. Појава на отпад, можна е само при промена на функцијата на трансформаторската станица (промена на оштетен или појава на дефект на некој елемент од станицата). Истите тие делови ќе бидат соодветно депонирани од локацијата од страна на членовите кои ќе ја вршат нивната промена и одржување.

Овие елементи ќе овозможат спречување на загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

***- Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на површинските и подземните води***

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува на нивна монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во се према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Во планскиот опфат не е евидентирана канализациона инсталација.

За намалување на евентуалните влијанија се препорачува:

- Изградба на посебна канализациона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација;
- Задолжително сервисирање на септичката јама;

- Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат корисникот;
- Потенцијалните замастени атмосферски води, во кругот на работните зони, од манипулативните површини и паркинзи, преку сливните решетки, преку посебни дренажни системи да се спроведат до таложникот (сепараторот) на масла и после нивен предтретман да се испуштат канализацијата. Сепараторот да е изведен како армирано-бетонски со две комори, од кои одделувањето на мастите и маслата се врши во првата комора, а пречистените води се прелеваат во втората комора каде се испуштаат во канализационата мрежа;
- Континуирано следење на квалитетот на водите;
- Интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција, и
- Запазување на целите на животната средина и почитување на поставените стандарди.

Изворот Рашче е главен изворник за водоснабдување на градот Скопје и приградските населби. Врз основа на досегашните истражувања за хранењето на изворот Рашче определени се три заштитни зони:

- Прва зона која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда (Сл. лист 16/88);
- Втора зона го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- Трета зона - го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

Со зонирањето утврдени се посебни режими на заштита за секоја зона, усогласено со хидрогеолошките, хидролошките и урбаноеколошките услови, а се однесуваат на: заштита на физичките, хемиските и бактериолошките својства на водата; заштита на природните вредности на земјиштето, водите, вегетацијата и воздухот; заштита на водните количества и нивниот природен режим на истекување.

Локацијата на која се предвидува изградбата на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце, се наоѓа во границата на Втората заштитна зона на изворот Рашче, во која важи посебен режим на заштита на изворот и на подземните води. Во Втората заштитна зона на изворот Рашче се забранува:

- Користење на земјиштето иа начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количествато на водите и режимот на површинските и подземните води;
- Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи;
- Испуштање на непречистени отпадни води во водотеците и подземјето. Испуштањето на отпадните води во површинските водотеци се

дозволува после нивниото пречистување според критериумите за водотеци од II категорија;

- Експлоатацијата на песок, камен и чакал од коритата на бреговите на природните водотеци, како и користењето на земјиштето на начин и во обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количествата на водите и режимот на површинските и подземните води.

***- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии***

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

***- Мерки за заштита и спасување***

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, а начинот на примена со уредба го уредува Владата. Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Согласно Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 93/12-пречистен текст) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот. Тоа опфаќа пред се: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура во согласност со член 54 од Законот за заштита и спасување.

***- Мерки за заштита од пожар***

Предвидени се следните плански мерки за заштита од пожар:

- Објектот во рамките на планот да е предвиден со огноотпорни материјали;
- Објектетот да биде лоциран така да е пристапен за пожарните возила со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето;
- Сообраќајниците да се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила;
- При планирање на хидрантската мрежа потребно е да е обезбедено доволно количина на вода за гаснење на пожари;

Во однос на заштитата од пожари потребно е со проектите да се реши громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ” бр. 93/12-пречистен текст), Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

***- Мерки за заштита од природни катастрофи***

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8° по МЦС.

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектот.

За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања било од земјотрес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла);
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;
- непречена интервенција;
- штетите да се сведат на минимум;
- брза санација на последиците.

# 9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот, рециклирање и негова повторна употреба;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на планот и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;
- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

# 10. Нетехничко резиме

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се предвидуваат мерки за заштита и намалување на евентуалните влијанија од спроведување на планот. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Преку реализација на планскиот опфат доаѓа до подобрување на економските услови преку отварање на нови работни места, односно ќе се создадат услови за економско ангажирање на населението, а со самото тоа воспоставување на предуслови за одржлив економски развој.

При изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта (магацин), општина Теарце, е применет методолошки пристап и постапка согласно член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 55/13, 70/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. Весник на РМ бр. 78/06 и 37/14), Правилникот за стандарди и нормативи за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12,

19/13, 95/13, 167/13 и 37/14), Правилник за стандарди и нормативи за проектирање на објекти („Сл. Весник на РМ” бр. 69/99, 102/00, 2/02, 05/04 и 78/08).

Според оваа содржина ќе се изработи Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта(магацин), општина Теарце.

Постапката за донесување на ЛУПД ќе се спроведува согласно Законот и Правилникот.

Методолошкиот пристап има суштинско значење за целокупниот процес при изработка на Локална урбанистичка планска документација и во суштина претставува изработка по фази, почнувајќи од анализа на постојната состојба, усвоените принципи за поедини проблеми до создавање на основната концепција за планирање на површините и изработка на конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија.

Предметниот простор досега е предмет на обработка на просторен план на Р. Македонија. Просторот досега не бил предвиден за градба на било какви градежни објекти за да би се вршела градба на поедини објекти во овој опфат. Но, интенцијата на овој план е во утврдување на парцелација согласно потребите на инвеститорот, како и решавање на намената на просторот и градбите согласно неговите потреби, односно согласно законот и правилникот.

Во опфатениот простор се врши парцелација на истиот со градежна парцела според потребите на инвеститорот на оваа планска документација и според предвидувањето на потребата за површина за градба на стовариште (магацин) и усогласување на намената на градбата со важечките прописи во моментов, а од аспект на просторното и урбанистичкото планирање.

Во планскиот опфат нема изграден објект.

Во опфатот што е предмет на разработка на оваа ЛУПД не се забележани објекти од културно и историско значење од причина што овој плански опфат е надвор од градежниот реон.

Во планскиот опфат егзистира, локален пат кој го тангира планскиот опфат, а не е асфалтиран. Преку постојната сообраќајна инфраструктура планираниот опфат се поврзува со останатиот дел од општината, градот Тетово и пошироко со регионот.

Низ планскиот опфат не поминува електрична мрежа.

Низ планскиот опфат не поминува мрежа за пренос на водоводна мрежа.

Фекална канализација во планскиот опфат и во негова близина не постои.

Атмосферските води се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

Телефонска мрежа во планскиот опфат не постои.

Врз основа на Планската програмата за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта (магацин), општина Теарце, се пристапува кон реализација на истата.

Анализирајќи ги причините и целите кои треба да се постигнат со изработка на новиот плански документ, нарачателот констатира дека треба да се изработи плански документ за наведениот локалитет.

Површината на опфатот што е предмет на изработка на Локалната планска документација изнесува 1924 $м^2$. Причина за изработка на планот е урбанизација на просторот кој до сега не бил урбанизиран, како и предвидување на оптимална површина за градба, согласно законските прописи за урбанизација на просторот.

Во основните стратешки цели на Република Македонија е доследно изградување на отворено стопанство, а барањето на нови форми за развој ќе придонесе да заживее економскиот циклус, да се создадат претпоставки за подобрување на просторната разместеност на стопанските капацитети, да се стимулираат директните странски инвестиции и да се подобри конкуретноста на малите и средни претпријатија.

Реализацијата на Локална Урбанистичка Планска Документација во атар на с. Лешок, општина Теарце, ќе биде во функција на поттикнување на економскиот развој, со нови инвестиции и вработувања, но под услов максимално да се почитуваат законските обврски за заштита на животната и работна средина и примена на принципите на одржливиот развој.

Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце се изработува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 55/13, 70/13, 163/13 и 42/14). Оваа планска документација се изработува согласно Планската програма одобрена од градоначалникот на општина Теарце, согласно член 15-а од Законот. Планот е изработен од страна на правно лице кое е лиценцирано согласно член 18 од законот. Планот е изработен согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. Весник на РМ" бр. 78/06 и 37/14).

Планскиот период за кој се изработува ова Локална урбанистичка планска документација не е утврдено со закон.

Условите за планирање на просторот се наменети за изработка на Локална урбанистичка планска документација за градежна парцела Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце. Локацијата има површина од 0,19 ха, се наоѓа на земјоделско земјиште (нива) 4 класа и припаѓа на II заштитна зона на изворот Рашче утврдена со „Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче".

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче.

Изворот Рашче е главен изворник за водоснабдување на градот Скопје и приградските населби. Врз основа на досегашните истражувања за хранењето на изворот Рашче определени се три заштитни зони:

- Прва зона која го зафаќа просторот на масивот Жеден, изворот Рашче со каптажите 1 и 2 и просторот ограничен со физичка ограда (Сл. лист 16/88);
- Втора зона го зафаќа подрачјето на Долен Полог што е во непосредна врска со масивот Жеден;
- Трета зона - го опфаќа подрачјето на Горен Полог со дел од просторите на Мавровскиот хидросистем и подножјето на Шар Планина.

Со зонирањето утврдени се посебни режими на заштита за секоја зона, усогласено со хидрогеолошките, хидролошките и урбаноеколошките услови, а се однесуваат на: заштита на физичките, хемиските и бактериолошките својства на водата; заштита на природните вредности на земјиштето, водите, вегетацијата и воздухот; заштита на водните количества и нивниот природен режим на истекување.

Локацијата на која се предвидува изградбата на објектот со основна намена Г4-стоваришта, се наоѓа во границата на Втората заштитна зона на изворот Рашче, во која важи посебен режим на заштита на изворот и на подземните води. Во Втората заштитна зона на изворот Рашче се забранува:

- Користење на земјиштето иа начин и обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количеството на водите и режимот на површинските и подземните води;
- Депонирање и исфрлање на отпадни материи и смет надвор од организирани, обезбедени и контролирани депонии;
- Испуштање на масла, токсични и радиоактивни материи;
- Испуштање на непречистени отпадни води во водотеците и подземјето. Испуштањето на отпадните води во површинските водотеци се дозволува после нивниото пречистување според критериумите за водотеци од II категорија;
- Експлоатацијата на песок, камен и чакал од коритата на бреговите на природните водотеци, како и користењето на земјиштето на начин и во обем со кој се загрозуваат природните вредности, квалитетот, количествата на водите и режимот на површинските и подземните води.

Генералниот концепт кој е користен при решавање на оваа ЛУПД за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце, се состои во урбанизирање на просторот кој до сега не бил урбанизиран и предвидување на оптимална површина за градба согласно важечката законска регулатива.

Просторот со својата местоположба е во атар на село Лешок во место викано Црница, општина Теарце кој се наоѓа во западниот дел на Р. Македонија и тоа северно од градот Тетово кон Регионалниот пат Р1203. Преку постојната сообраќајна инфраструктура планираниот опфат се

поврзува со останатиот дел од општината, градот Тетово и пошироко со регионот.

Планскиот опфат се наоѓа на просечна надморска висина од 460 м.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 1924 $м^2$.

Локална урбанистичка планска документација, за градежна парцела Л.4. на КП бр.1305 КО Лешок, стоваришта, Општина Теарце, планскиот опфат се предвидуваат објекти за:

I - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Г4 - стоваришта.

Предвидена е површина за градба на објект е со намена стоваришта.

Површините за градба се предвидени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Компатибилни намени се Б1, Б2, Б4, Г3, Д2, Д3 и Д4, до 49% од основната класа на намени.

Одредување број на паркинг е дефинирано со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14), а ќе се утврди при изработка на Основниот проект што ќе биде дел од постапката за добивање на одобрение за градба.

II - ЗЕЛЕНИЛО

Д2 - заштитно зеленило.

Компатибилни намени не се предвидени, согласно Правилникот за стандарди и нормативе за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12 и 126/12 и 126/12).

Предвидена е површина со намена заштитно зеленило како заштитен појас од локалниот пат и од постојниот далновод. Површините за градба се предвидени согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Не е потребно одредување број на паркинг места што е дефинирано со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Е1 - Комунална инфраструктура.

Во планскиот опфат егзистира пат, а сообраќајот во рамките на градежната парцела ќе се реши при изработка на Основниот проект што ќе биде дел од постапката за добивање на одобрение за градба.

Просторот со својата местоположба е во атар на село Лешок во место викано Црница, општина Теарце кој се наоѓа во западниот дел на Р. Македонија и тоа северно од градот Тетово кон Регионалниот пат Р1203.

Во планскиот опфат егзистираат патишта од кои едниот е регионалниот пат Р1203 Тетово (врска со А2) - Вратница - гр. со Р. Косово (ГП Јажинце) кој е асфалтиран и локален пат кој го тангира планскиот опфат, а не е асфалтиран. Преку постојната сообраќајна инфраструктура планираниот опфат се поврзува со останатиот дел од општината, градот Тетово и пошироко со регионот.

Едниот патен правец е со просечен попречен профил од 7.0 - 7.35 м, а другиот патен правец е со попречен профил од 6.0 м.

Категоризацијата, радиусите и профилите на улиците се според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ” бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

Во планскиот опфат водоснабдувањето ќе се одвива преку бунар.

Фекалните води ќе се одведуваат во септичка јама.

Атмосферските води се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

Едновремената електрична снага на објектот не влијае врз вкупниот енергетски биланс од усвоениот Просторен план. Нисконапонскиот развод како и осветлувањето на улиците ќе се изведе спрема посебните проекти изработени од соодветни стручни лица. Анализата за потребна едновремена електрична снага за новопредвидените содржини во локалитетот ќе се определи во понатамошната постапка на изготвување на техничка документација, односно изработка на Основни проекти за поедини потрошувачи во локалитетот.
за индустрија:

- за просечно електрифициран објект, инсталирана енергија од 1кВ/50 $м^2$,
- коефициент на едновременост на објект 0,51
- површина 2622 $м^2$.

Вкупна едновремена снага е Ре = 27 kW

За улично осветление - околу 25 kW.

Од добиените пресметки произлегува дека овој опфат може да се напојува од постоечките трансформаторски станици.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележени, до приклучни ормани кои се поставени на фасадите на објектите.

Уличното осветление се изведува со нови канделабри и метални стокбови поврзани со трафостаницата со подземен кабел.

Во планскиот опфат се предвидува трафостаница.

Низ планскиот опфат поминува телефонска мрежа.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонија;
- Озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел;
- При превземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на зашита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои престојуваат тука;

- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба пред оштетувањето
- Доследна имплементација на планот.

Бидејќи водоснабдувањето со вода ќе се врши од подземен бунар, пред изведбата на бунарот потребно е да се направат хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на бунарот. Исто така, да се направат и испитувања со кои ќе се утврди и квалитетот на водата, односно дали физичко-хемиските и бактериолошки карактеристики на водата ќе одговараат за соодветната намена.

Во зоната на бунарот (бунарите) се забранува сервисирање на моторни возила, пасење на стока, закопување на умрени животни, складирање на отпад, испуштање на материи кои по својот состав се опасни и штетни, употреба на агрохемиски средства, изградба на септички јами, копање на канали, изведување на земјени работи и сл. При лоцирањето на бунарите да се почитува Законот за води за одредување на заштитните зони на бунарите.

Динамиката на користењето на подземните води мора да биде усогласена за долгорочна експлоатација. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

Во поглед на создавање на отпад, бучава, загадување на воздухот, загадување на почвата од работата на трафостаницата, подетална анализа од негативните влијанија врз човековото здравје и животната средина ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај сообраќајниците и објектите за да го спречат негативното влијание на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување.

# 11. Прилози

***Листа на национална законска регулатива***

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ” бр. 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 74/05);
3. Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 33/06);
4. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
5. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 153/07);
6. Правилник за воспоставување на листата на експерти за СОЖС, процедурата за спроведување на испитот за експерти за СОЖС, воспоставување комисијата за оценка на знаењето на експертите за СОЖС („Сл. Весник на РМ” бр. 129/07);
7. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ” бр. 144/07);
8. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/2008);
9. Правилник за стандарди и нормативи за планирање на просторот („Сл. Весник на РМ” бр. 69/99);
10. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ” бр. 24/08, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14);
11. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13 и 10/15);
12. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ” бр. 67/04);
13. Закон за води („Сл. Весник на РМ” бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12 и 180/14);
14. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);
15. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ” бр. 18/1999, 71/99);
16. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ” бр. 18/99);

17. Закон за отпад („Сл. Весник на РМ” бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12 и 163/13);
18. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ” бр. 100/05);
19. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
20. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ” бр. 64/93);
21. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14 и 44/14);
22. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ” бр. 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 41/14);
23. Закон за благосостојба на животните („Сл. Весник на РМ” бр. 113/07);
24. Закон за благосостојба на растенијата („Сл. Весник на РМ” бр. 25/98; 06/00);
25. Закон за заштита на растенијата („Сл. Весник на РМ” бр. 25/98; измени 06/00);
26. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ” бр. 92/07, 136/11, 23/13 и 25/13);
27. Закон за енергетика („Сл. Весник на РМ” бр. 16/11, 136/11 и 79/13);
28. Закон за експропријација („Сл. Весник на РМ” бр. 95/02, 131/12 и 24/13).

***Листа на релевантни ЕУ директиви***

Директиви на ЕУ инфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Директива за депонии (99/31/ЕС) дополнета со Регулатива (ЕС) 1882/2003
3. Регулатива за пренос на отпад (ЕЕС) 259/93 дополнета со Одлуките 94/721/ЕС, 96/660/ЕС, 98/368/ЕС и 99/816/ЕС, и Регулативите (ЕС) 2408/98, (ЕС) 120/97 и (ЕС) 2557/2001
4. Директива за управување со отпадот од индустрија за екстракција на минерални суровини (2006/21/ЕС)
5. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
6. Директива за национални плафони на емисии (2001/81/ЕС)
7. Директива за бензен и јаглерод моноксид (2000/69/ЕС)
8. Директива за озон во амбиентниот воздух 2002/3/ЕС
9. Директива 2004/107/ЕС за арсен, кадмиум, жива, никел и полициклични јаглеводороди во амбиентниот воздух
10. Директива за информирање на корисници (1999/94/ЕС) дополнета со Директивата 2003/73/ЕС

11. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
12. Директива за урбани отпадни води (91/271/EEC) дополнета со Директивата 98/15/ЕС и Регулативата (ЕС) 1882/2003
13. Директива за вода за пиење (98/83/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
14. Директива за површинска вода за апстракција (75/440/ЕС) дополнета со Директивите 79/869/EEC и 91/692 EEC (ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2006/60/ЕС) од 22.12.2007
15. Директива за вода за капење (2006/7/ЕС)
16. Директива за испуштање на опасни супстанции во водите (76/464/EEC) дополнета со Директивата (91/692/EEC и 2000/60/ЕС) е биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007, освен член 6, кој беше отповикан на 22.12.2000.
17. Директива за мерење на квалитетот на водата за пиење (79/869/EEC) дополнета со Директивите 81/855/EEC, 91/692/EEC, и Регулативата (ЕС) 807/2003 ќе биде отповикана со Рамковната директива за води (2000/60/ЕС) од 22.12.2007)
18. Директива за подземни води (80/68/EEC) дополнета со Директивата 91/692/EEC
19. Директива за вода за риби (78/659/EEC) дополнета со Директивата 91/692/EEC и Регулативата (ЕС) 807/2003
20. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
21. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)
22. Директива за Оценка на влијанието врз животната средина (85/337/EEC) дополнета со Директивите 97/11/ЕС и 2003/35/ЕС

# Додаток

# Користена литература


- Просторниот план на РМ, 2004;
- Планска документација за ЛУПД за ГП Л.4. на КП бр. 1305 КО Лешок, стоваришта, општина Теарце;
- Преглед на заштитни подрачја во РМ (2008) и Извештај на меѓународен консултант за заштитени подрачја во рамки на УНДП/ГЕФ/МЖССП проектот: Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Македонија;
- Национална стратегија за одржлив развој, 2009;
- Втор Национален извештај за климатски промени, 2008
- Национална стратегија за механизмот за чист развој за првиот период на обврски според протоколот од Кјото 2008-2012, 2007;
- Втор Национален Еколошки акционен план на РМ, 2006
- Национална стратегија за биолошка разновидност, 2004;
- Стратегија за управување со отпад во РМ 2008-2020;
- Национална транспортна стратегија за патниот превоз, 2008;
- Стратегија за демографски развој на РМ 2008-2015;
- Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НППА II, 2007);
- Национална стратегија за мониторинг на животната средина, 2004;
- Стратегија за управување со животната средина, 2005;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина, 2005;
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција, 2005;
- Национален здраствено-еколошки акционен план (НЗЕАП), 1999;
- Директива за станишта (92/43/EEC);
- Директива за диви птици (79/409/EEC);
- Рамковна директива за вода (2000/60/EC);
- Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/EC);
- Рамковна директива за отпад (2006/12/EC);
- Рамковна директива за бучава (2002/49/EC);
- Директива за оценка на влијанието врз животната средина (85/537/EEC);
- Директива за стратегиска оцена на животна средина (2001/42/EC);
- ЕУ Шестиот Акционен План за животна средина (2001/42/EC);
- Директивата на советот 96/61/EC од 24.09.1996 год. за интегрирана контрола и превенција од загадувањето;
- Достапни искуства и практики.